Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), и Договорот за соработка Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Битола во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 09.06.2022 година се објавува:

# Ј А В Е Н   П О В И К

**до**

**евидентирани невработени лица за вклучување во**

**Програмата Општинско - корисна работа за проект- СДЦ Компонента**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Со поддршка до успех" за работно ангажирање од 20 (дваесет) часа неделно за **3 (три) месеци** заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани за 20 (дваесет) работни часови неделно, при што статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

На кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа ќе им биде исплатен паричен надоместок за работно ангажирање во висина од **9.000,00 денари месечно**, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- **млади лица до 29 години**
- **лица постари од 50 години**
- **лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност**
- **Лица со попреченост**
- **лица припадници на ромската етничка заедница**

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- **2 Асистенти едукатори во центарот Сумнал**

**- 2 Едукатори во Регионалниот ресурсен центар за слепи лица и лица за оштетен вид за општините Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила-Битола.**

**- 1 Едукатор, токувач на знаковен јазик во Здружение на глуви и наглуви лица Битола**

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Битола во периодот **од 09.06.2022 година до 13.06.2022 година, од 08:00 до 14:00 часот.**

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Битола и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Битола кај лицето м-р Симона Јовеска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Битола кај лицето Зоран Костовски, Центар за социјлна работа Битола кај лицето Денис Алилоски.

Бр. 08-457/9
08.06.2022

Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски

Изработил: м-р Симона Јовеска
Контролирал и одобрил: м-р Снежана Петровска